# ООУ„НИКОЛА КАРЕВ“ РАДОВИШ

**„Илинденска“ бб Радовиш**
**Тел/фах 032 635 179 e-mail: ou-nikolakarev-radovish@schools.mk**

Врз основа на член 59, член 60, член 61 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019), ООУ „Никола Карев“ – Радовиш почнувајќи од 01.05.2026 година до 31.05.2026 година ќе врши,

**З А П И Ш У В А Њ Е**

**на деца во прво одделение во основно образование за учебната 2026/2027 година**

Согласно законските одредби во I одделение на основното училиште родителот е должен да го запише детето кое до крајот на календарската 2026 година ќе наполни 6 (шест) години т.е. во I одд. се запишуваат сите деца родени 2020 година;

Детето може да се запише во I одделение, доколку наполни 6 години до 31 јануари наредната година, по претходно барање на родителот и добиено мислење од педагогот или психологот во училиштето;

Запишувањето на детето, на барање на родителот, здравствената установа може да го одложи за една година ако се утврди дека детето не е подготвено да оди на училиште.

При запишување на детето во I одд. родителот со детето е должен да ги понесе и следниве документи:

1. **Извод од матичната книга на родените за детето** (оригинал или фотокопија на увид);
2. **Лични карти од родители/старатели** (оригинал или фотокопија на увид);
3. **Потврда за примени задолжителни вакцини за детето** (издадена од надлежна здравствена установа);
4. **Потврда од стоматолошки преглед** (издадена од страна на превентивен стоматолог задолжен за училиштето, дел од Здравниот дом);
5. **Потврда од извршен Офталмолошки преглед** (издаден од надлежна установа).

**Потребните документи навремено да бидат комплетирани и доставени.**

Запишувањето ќе се врши во училишните простории на нашето училиште, секој работен ден од 8 до 14 часот на ул. „Илинденска“ бб., Радовиш.

**Пожелно е закажувањето на терминот да се врши кај наведените контакт лица.**

**Комисија за запишување на првачиња (лица за контакт):**

**1.Сузана Ѓоргиева (училишен психолог)-suzana_gorgieva@yahoo.com, тел.032/635-179, 070/357-885;**

**2.Наташа Д. Вучкова (училишен педагог) - тел.032/635-179, 070/357-885;**

**3.Биљана Јованова (специјален едукатор и рехабилитатор-Дефектолог) - bic_jovanova@yahoo.com, тел.032/635-179, 070/357-885;**

**При запишувањето на детето со комплексни потреби во прво одделение, родителот односно старателот може да го запише детето во основно училиште или во основно училиште со ресурсен центар, согласно препораката за следење на наставата по модифицирана наставна програма, од стручното тело за функционална проценка на деца и млади за дополнителна образовна, социјална и здравствена поддршка според МКФ. Родителот, односно старателот може да го префрли ученикот од основно училиште во кое следи настава по модифицирана програма, да го продолжи своето образование во основно училиште со ресурсен центар.**

**При запишувањето на детето со оштетен вид и/или слух во прво одделение, родителот односно старателот може да го запише детето во основно училиште или во училиште со ресурсен центар, согласно препораката за следење на наставата од стручното тело за функционална проценка на деца и млади за дополнителна образовна, социјална и здравствена поддршка според МКФ.“**

Во нашето Општинско основно училиште „Никола Карев“, првачињата наставата ја следат во посебни училници, прилагодени според нивните потреби, со соодветен мебел и нагледни средства. Наставата се изведува само во прва смена – претпладне со почеток од 8:30 часот со можност за продолжен престој.

**Во исто време ќе се врши запишување и на учениците кои ќе сакаат да посетуваат настава во Паралелките за основно музичко образование во нашето училиште.**

**Со добро знаење ја градиме нашата иднина! Повелете, заедно да растеме, да се воспитуваме и образуваме!**

**Радовиш, април 2026 година**

| | |
|---|---|
| **Комисија за запишување на ученици во прво одделение** | **ВД Директор Анита Митева Цветковски** |
| ____________________ | ____________________ |